Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневните настани 27.05.2024

На 26.05.2024 на Граничен премин Јажинце, полициски службеници го привеле А.А.(26) од тетовско Јеловјане, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување затворска казна. При приведувањето кај него била пронајдена и одземена марихуана. Во 17.15 часот лицето било предадено на полициски службеници од СВР Тетово, по што било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 26.05.2024 во 10.40 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Т.(30) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.05.2024 во 12.00 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Полициската станица Драчево го лишиле од слобода Ш.С.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.05.2024 околу 23.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Никола Карев" во Скопје имало пукање. Во 23.45 часот, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив со повреди од огнено оружје бил донесен Т.А.(24) од Скопје. Во 23.51 часот, од Комплексот клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив со повреди од огнено оружје биле донесени О.Б.(19) и А.И.(29), двајцата од Скопје, каде што по укажаната помош, во 00.45 часот на 27.05.2024, А.И. починал. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за расчистување на случајот.

На 26.05.2024 во 14.20 часот во ОВР Кавадарци, С.С.(65) од село Виничани, општина Градско, пријавил дека при извршување земјоделски работи во нива во атар на село Паликура, општина Росоман, пронашол неексплодирана граната. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување безбедно ја подигнал гранатата, а увид на местото извршила увидна екипа од ОВР Кавадарци.

На 26.05.2024 во 18.06 часот во СВР Скопје било пријавено дека во рециклажен двор на ЈП „Комунална хигиена" на бул.„Илинден" во Скопје биле пронајдени две неекsecurityполодирани гранати. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Скопје безбедно ги подигнал гранатите, а увид извршила екипа од СВР Скопје.

Денеска (27.05.2024) во 00.45 часот на Граничниот премин Деве Баир, полициски службеници го лишиле од слобода И.Д.(50) од Република Турција, затоа што при извршена пасошка контрола и проверки било констатирано дека меѓународната зелена карта за осигурување на возилото кое го управувал, била фалсификувана. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 26.05.2024 во 18.20 часот на Граничниот премин Меѓународен аеродром Скопје, полициски службеници го привеле К.Ц.С.(19) од Република Турција, затоа што при извршена пасошка контрола и проверка во оперативна евиденција било констатирано дека го пречекорил дозволениот престој. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за прекугранични криминал миграции странци и реадмисија Скопје за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на викендот (24/25/26.05.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на СВР Битола изречени се вкупно 197 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 73 санкции, 13 мерки за возење под дејство на алкохол, 29 мерки за возење без возачка дозвола, изречени 15 мерки за непрописно паркирани возила, 27 мерки за непрописно престигнување...

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (26.05.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 100 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 23 санкции, седум санкции за користење мобилен телефон при возење, пет мерки за минување на затворен сигнал - црвено светло, осум санкции за некористење на сигурносен појас, 22 мерки за прекршоци што ги чинат возачи на мотоцикли...

На 26.05.2024 во 07.55 часот во СВР Куманово било пријавено дека на локалниот пат кој води од с.Коњух кон с.Бељаковце, кај место викано „Ракле", кратовско, патничко возило „даеву матиз" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ж.Ј.(75) од с.Марино, општина Илинден, излетало од коловозот и паднало во р.Крива река. Од здобиените повреди на местото на несреќата починале возачот и неговата сопатничка С.Ј.(76) од с.Марино. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а по наредба на јавен обвинител телата на починатите биле предадени на обдукција. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Куманово.

На 26.05.2024 во 14.20 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Л.С.(52) од с.Волково, скопско, пријавила дека во с.Ново село, скопско, била касната од куче скитник.

На 26.05.2024 во 15.40 часот во Полициската станица Центар, Л.Р.(25) од Скопје пријавил дека на ул.„Орце Николов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 27.05.2024 во 00.20 часот во СВР Битола, П.Б.(25) од Битола пријавил дека на ул. „Димче Лахчански" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 26.05.2024 во периодот од 14.00 до 21.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за санкционирање на прекршоците што ги прават возачите на мотоцикли. При контролата биле откриени и санкционирани 18 прекршоци (ТЕ-11 и ГВ-7), од кои најголемиот дел биле за некористење на заштитен шлем-кацига 13 (ТЕ-8 и ГВ-5), а исто така, привремено бил одземен и 1 мотоцикл кој бил со помината регистрација повеќе од 6 месеци. Против возачите се поднесени соодветни поднесоци, а при контролата биле констатирани и санкционирани 9 (ТЕ-2 и ГВ-7) други видови сообраќајни прекршоци.

На 26.05.2024 од 15.00 до 21.00 часот на подрачјето на СВР Охрид преземени се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници санкционирале 14 мотоциклисти кои управувале мотоцикли без заштитна кацига (Охрид-09, Струга-01, Кичево-03, Дебар-01).

Денеска (27.05.2024) во 08.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с. Сарај, полициски службеници ја пронашле М.А.(14) од Скопје, за која на 24.05.2024 во Полициската станица Бит Пазар нејзината мајка пријави дека се оддалечила од домот.

На 26.05.2024 во 11.30 часот во СВР Скопје, Ј.Ј.(46) од Скопје пријавил дека на 25.05.2024 околу 16.00 часот пред угостителски објект на подрачјето на Бит Пазар, неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници, кои притоа употребиле и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против А.Ј.(48) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда при семејно насилство". На 18.05.2024 во семејниот дом, пријавениот физички ја нападнал неговата сопруга.

На 26.05.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје, 35-годишна жена од скопско село пријавила дека на 25.05.2024 околу 22.30 часот во семејниот дом била физички нападната од нејзиниот сопруг Љ.Т.(38). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.05.2024 во 00.34 часот во СВР Скопје, Х.С.(36) од с.Ракотинци, скопско, пријавила дека на 25.05.2024 околу 22.00 часот на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, по претходна расправија, нејзината малолетна ќерка била физички нападната од неколку малолетнички. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против А.Ш.(44) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори". На 13.11.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и дигитална вага.

На 26.05.2024 во 14.50 часот во СВР Скопје, С.К.М.(51) од Скопје пријавила дека околу 01.00 часот на подрачјето на Центар, две лица со закана одзеле пари и лични предмети од нејзиниот малолетен син. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

Денеска (27.05.2024) во 02.04 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„50 Дивизија" во Скопје настанал пожар во патничко возило „пежо", сопственост на Т.З.(60) од Скопје и патничко возило „рено", сопственост на А.Д. од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 26.05.2024 во 18.26 часот во СВР Скопје, Е.В.(71) од Скопје пријавила дека околу 18.10 часот на подрачјето на општина Аеродром во Скопје едно лице со употреба на сила ѝ одзело накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (27.05.2024) во 00.30 часот во СВР Скопје, С.Ј.(56) од Скопје пријавил дека на 26.05.2024 околу 23.00 часот пред угостителски објект во Градски парк - Скопје бил физички нападнат од неколку лица, кои му одзеле чанта. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет